errc
european roma rights centre

# СУДОТ ВО СТРАЗБУР ДОНЕСЕ ЗНАЧАЈНА ПРЕСУДА ВО ВРСКА СО РАСНОТО ПРОФИЛИРАЊЕ НА РОМИ




**Скопје - Брисел, 30 октомври 2023 год.:** Европскиот суд за човекови права донесе значајна пресуда против Република Северна Македонија со која се осудува расното профилирање на Роми на граничните премини. Пресудата на ЕСЧП во предметот Мемедова и др. против Северна Македонија опфаќа три одделни апликации и беше успешна и покрај тоа што неколку слични претходно поднесени апликации беа решени преку пријателска спогодба со Владата во последните години. Пресудата се однесува на петмина апликанти од ромска етничка припадност кои ги застапуваше Европскиот центар за правата на Ромите (ЕЦПР) од Брисел и приватни адвокати кои работат за Македонското здружение на млади правници (МЗМП).

На 24 октомври 2023 год., Судот утврди дискриминација на четворица од петмината Роми-апликанти и повреда на нивната слобода на движење. Освен тоа, Судот ја задолжи Република Северна Македонија, во рок од три месеци по донесувањето на пресудата, да им исплати оштета во различен износ врз основа на нематеријална штета, во вкупен износ од 13.000 евра.

Назми Абазов, еден од апликантите именувани во пресудата, изјави: *„Кога слушнавме за пресудата бевме пресреќни бидејќи ова го чекавме со години. Може да се каже дека конечно добивме правда. Кога ја изгубивме тужбата пред домашните судови, изгубивме надеж дека ќе добиеме правда, но тогаш ЕЦПР ни кажа дека правдата можеме да бараме и пред Европскиот суд, и тоа се случи, денес ја добивме. Сакаме да им се заблагодариме на ЕЦПР за нивната посветеност и напорна работа и за помошта што ни ја дадоа во оваа работа. ЕЦПР е добро позната организација во Крива Паланка бидејќи голем број Роми добија поддршка за ваков проблем, всушност ЕЦПР успеа да спречи продолжување на практиката Ромите да бидат вратени од границa. Штом тие почнаа да поднесуваат тужби, ние никогаш повеќе не се соочивме со истиот проблем кога патуваме во странство.“*

Правнната директорка на ЕЦПР, Сенада Сали, ја поздрави пресудата како пионерски чекор во вистинска насока: *„Не може доволно да се истакне важноста на оваа пресуда. Во Република Северна Македонија, Ромите беа засегнати од расно профилирање речиси една деценија. Многумина почнаа да се прашуваат дали Европскиот суд воопшто ќе донесе пресуда за ова суштинско прашање. Претходните предмети што ги поведовме пред ЕСЧП беа завршени преку парични спогодби со Владата, што значеше нерешавање на длабоко-вкоренетите проблеми кои и понатаму влијаеа на нашата заедница. Оваа пресуда значи дека, за прв пат, судиите од Европскиот суд заземаат одлучен став за прашање коешто беше предолго игнорирано. Исто така, пресудата е сведоштво за истрајноста и одлучноста на ромската заедница во Република Северна Македонија која повеќе не сака да биде замолчена или обесправена,“* рече таа.

Пресудата се однесува на три одделни апликации: Мемедова против Северна Македонија бр.42429/16, Куртишова против Северна Македонија бр.8934/18, и Абазов и др. против Северна Македонија бр.9886/18. Овие предмети беа поднесени во име на пет Роми: Демирана Мемедова (прв апликант), Емран Куртишова (втор апликант), ромски брачен пар, односно Намзи Абазов и Афродита Абазова (трет и четврт апликант) и Омер Мемедовски (петти апликант). Првиот и вториот апликант беа застапувани пред Европскиот суд од страна на адвокатите Жарко Хаџи-Зафиров и Бојан Ѓуровски, додека останатите тројца апликанти директно ги застапуваше ЕЦПР.

**Историјат на предметите:**

Пред речиси десет години, граѓаните на Северна Македонија добија „визна либерализација“, која им овозможи да патуваат во државите од Европската Унија без претходно да добијат виза. Сепак, тоа доведе до загрижувачка практика на расно профилирање на граничните премини во Република Северна Македонија која експлицитно ги таргетираше Ромите кои се државјани на Реоублика Северна Македонија.

Во донесената пресуда апликантите се дел од лицата кои биле жртва на расно профилирање на граничните премини во 2014 година. Првата апликантка била спречена да ја напушти државата за да ја посети нејзината ќерка во Германија на Аеродромот во Скопје. Граничниот службеник ѝ рекол дека, бидејќи е Ромка, тој мисли дека таа ќе бара азил во Германија. И вториот апликант, на скопскиот аеродром, бил спречен да патува за Германија во посета на зетот. Третиот,

четвртиот и петтиот апликант биле заедно спречени да ја напуштат земјата и да одат на свадбена прослава во Косово. Македонските гранични службеници на преминот Табановце им рекле дека нивната етничка припадност е причината зошто не им веруваат и дека тие одат да бараат азил во ЕУ.

Апликантите поднеле граѓански тужби против Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија, наведувајќи дискриминација и повреда на нивното уставно право да ја напуштат сопствената држава. Иако домашните судови утврдиле повреда на некои од нивните права да патуваат надвор од земјата, не сметале дека постојат доволно докази за утврдување дискриминација. Поради тоа, апликантите побараа правда пред Европскиот суд за човекови права.

**Пресудата:**

Судот ги разгледуваше трите апликации во однос на повреда на  член 14 од ЕКЧП (забрана за дискриминација) во врска со член 2 од Протокол 4 (заштита на правото за напуштање на сопствената земја).
Судот утврдил дека Република Северна Македонија сторила повреда на овие права на првите четворица апликанти, но го отфрлила предметот за последниот апликант. Притоа, Судот сметал дека не постојат доволно докази за тоа дека домашните власти го спречиле петтиот апликант да ја напушти земјата и донел одлука да не ги преиспитува наводите на домашните судовите според кои тој не бил спречен да го помине граничниот премин. Тоа е утврдено и покрај доказите, односно службената белешка на Министерството за внатрешни работи од 14 март 2014 година, каде петтиот апликант е наведен на списокот на патници на кои не им било дозволено да ја преминат границата, наведувајќи дека во системот на секторот за контрола на границите постои аларм за него.

*„ЕЦПР е длабоко разочарана и збунета од таквиот навод на Судот и тоа пет години од понесувањето на апликацијата“* изјави Сенада Сали, Директорка за правни работи во ЕЦПР. *„Со доцното донесување на одлуката за недопустливост, Судот го остава апликантот без опции да поведе друга правна постапка и без можност за повторно разгледување на неговиот случај. Спротивно на наодите на Судот, ЕЦПР има целосна верба во верзијата на настаните презентирана од апликантот во која тој објаснува дека не му било дозволено да ја премине границата заедно со другите патници од истото возило и дека домашните власти му ставиле печат во пасошот со две прецртани коси линии, што е видливо од доставените докази.“*

Оваа пресуда ја нагласува важноста на борбата против расно профилирање и обезбедување еднакви права за сите, без оглед на етничката припадност. ЕЦПР ја повикува Република Северна Македонија да ги преземе сите неопходни чекори за спречување повторна појава на вакви дискриминирачки практики во иднина.

Тужбите пред домашните судови беа поднесени со заедничка помош од Европскиот центар за правата на Ромите и Македонското здружение на млади правници.

Ова соопштение за печатот е достапно и на англиски јазик.

За повеќе информации или да закажете интервју, контактирајте ги:

Сенада Сали (на македонски јазик)
Директорка за правни работи
senada.sali@errc.org
+389 74 240 274 (MK)
+32 497 67 60 12 (BE)

Џонатан Ли (на англиски јазик)
Директор за застапување и комуникации
jonathan.lee@errc.org
+32 49 288 7679